**Ден на конкурецијата**

**Белград, Република Србија**

**20 Април 2018 година**





На 20ти април 2018 година во Белград Република Србија се одржа Конференција по повод Денот на конкуренцијата, организирана од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија.

На оваа конференција воведно обраќање имаа претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија Милоје Обрадовиќ, потпретседателот на Владата на Србија и министер за трговија, туризам и телекомуникации Расим Љајич, генералниот секретар на претседателот на Србија Никола Селакович, шефот на делегацијата на ЕУ Сем Фабричи и амбасадорот на Јапонија Џуничи Марујама.

Конференцијата беше организирана во два панели. На првиот панел “Новата агенда за регионот“ темата беше „Предизвиците за телата за заштита на конкуренцијата во новото доба – бизниз, политика, окружување, иновации„. На овој панел свое обраќање имаше претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата Благој Чурлинов а исто така свое излагање имаа и претставниците од конкурентските управи од Словенија, Албанија, Хрватска, Турција и ЕУ.